Влада на Република Северна Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА

Дата: 01-08-2025

Архивски број: 08-1379/11

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 112/2020; 215/2021; 99/2022 и 208/2024), Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија го донесе следното:

## ОДЛУКА

за избор за вработување на кандидат по објавен јавен оглас број 648/2025

1. За извршител на работите на работно место бр.1 - Помошник раководител на сектор за правни работи, Сектор за правни работи, со шифра на работно место УПР0101Б03000 се избира кандидатот Елена Зарковска, со идентификациски код B1B0EF0.
2. Именуваниот од точка 1 на ова решение, ќе биде вработен на работното место, од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

### Образложение

На барање на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за администрација на ден 28.6.2025 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас број 648/2025 за вработување на еден државен службеник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за едно работно место - Помошник раководител на сектор за правни работи.

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1577/3 од 7.7.2025 година и 10-1577/5 од 28.7.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување по објавениот јавен оглас број 648/2025 објавен на ден 28.6.2025 во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" во просториите на Агенцијата за администрација спроведе постапка за селекција за вработување за наведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, односно административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојност на доказите и интервју, Комисијата, согласно член 44 од Законот за административни службеници, со допис број 10-1577/9 од 29.7.2025 година изготви и достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување со Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови

за работното место број 1, по јавен оглас 648/2025, врз основа на што Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за работното место Помошник раководител на сектор за правни работи, со шифра УПР0101Б03000, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата.

**Шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Владимир Нелоски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива